Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Општина Кавадарци
Примено: 13-09-2023

| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 11 | 849/36 | - | |

**Арх.бр. 15 5032/2**

**Дата:** 06. 09. 2023

До: Општина Кавадарци
Плоштад Маршал Тито б.б
1430 Кавадарци
Република Северна Македонија

Предмет: Мислење по Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска: ваш бр. 11-849/35 од 30.08.2023 год.

Почитувани,

Во врска Ваше барање на Мислење бр. 11-849/35 од 30.08.2023 год., доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под **арх.бр. 15 5032/1 од 30.08.2023 год.**, во однос на доставениот **Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за село Брушани, КО Брушани – Општина Кавадарци,** Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи по истиот го дава следното:

## М И С Л Е Њ Е

Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за село Брушани, КО Брушани – Општина Кавадарци е изработен согласно Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, и тоа:
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето ("Сл.весник на РМ" бр. 114/07);
- Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето ("Сл.весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиската оцена на животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 153/07);


Министерство за животна срединаи просторно ланирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit hapësinore
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11); и,
- Правилник за составот на комисијата и начинот на нејзината работа, програмата и начинот на полагање на стручниот испит, висината на надоместокот за полагање на стручниот испит и на надоместокот за воспоставување и одржување на листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина и начинот на стекнување и губење на статусот на експерт за стратегиска оцена на животната средина, као и начинот и постапката за вклучување и исклучување од листата на експерти ("Сл.весник на РМ" бр. 122/11).

Стратегиска оцена на животната средина следејќи ги одредбите за содржината на Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за село Брушани, КО Брушани – Општина Кавадарци, ги обработува следните теми:

- Постојната состојба на предметната локација;
- Можните влијанија врз населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, почвата, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство, пејзажи и др;
- Предвидените мерки за заштита и намалување на влијанијата;
- Краток преглед на причините врз основа на кои се одбираат алтернативите;
- Состојба на животната средина без имплементација на планот; и,
- План за мониторинг на животната средина.

Во контекст на понапред изнесеното, Ве информираме дека доставениот Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за село Брушани, КО Брушани – Општина Кавадарци, Министерството за животна средина и просторно планирање **го прифаќа** и процесот на спроведување на стратегиска оцена на животната средина треба да продолжи согласно Законот за животна средина и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изработил: Зарије Абази

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна срединаи просторно ланирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit hapësinore
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403